ПОСТАПУВА БИЛЈАНА ПЕТКОВСКА

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Ск
Ndërmarrja Publike Higjiena Komunale - S
Примено / Pranuar: 29.03.2024

| | | | |
|---|---|---|---|
| 03 | 936 | 1 | |

Архивски знак: 0363
Период на чување: 20 години
Датум на архивирање 29.03.2024

**До: Ј.П. "Комунална хигиена"-Скопје**
(имател на информацијата)

## **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од.
**Ул.**

______________________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Барам да ми дадете пристап до информација од јавен карактер колку услуги односно документи издава Ј.П. "Комунална хигиена"-Скопје за граѓаните и правните лица, да ги наведете таксативно сите услуги односно документи и кои услови и критериуми се потребни за секоја услуга односно документ поединечно.**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

Во Скопје, 26.03.2024 година.

______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03-986/2

Дата/data 09-04-2024

ЈП Комунална хигиена – Скопје врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Пробиштиш го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено со број. 03-986 од 29.03.2024год., поднесено од барателот со адреса на ул. Пробиштип
**СЕ УВАЖУВА.**
2. Информацијата од јавен карактер се доставува на начин наведен во барањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот од Пробиштип преку електронска пошта поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер, при што побара доставување на следните информации од јавен карактер: "*Барам да ми дадете пристап до информацијата од јавен карактер колку услуги односно документи издава ЈП Комунална хигиена -Скопје за граѓаните и правните лица,да ги наведете таксативно сите услуги односно документии кои услови и критериуми се потребни за секоја услуга односно документ поединечно?*"

ЈП Комунална хигиена – Скопје како имател на информации од јавен карактер овозможи пристап до бараните информации, и тоа:
Јавното претпријати својата основна дејност од јавен интерес ја извршува согласно Законот за управување со отпад, Годишната програма за управување со отпадот на подрачјето на Град Скопје, којаштo по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот,како и Оперативната програма за собирање и транспортирање на комунален отпад од подрачјето на град Скопје на ЈПКХС ,одобрена од Совет на Град Скопје .

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента дејност, како и дополнителни дејности и тоа:

**I. Вршење основна дејност подразбира:**

1. **Собирање и транспортирање на комунален и друг вид неопасен отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина**( на подрачјето на град Скопје и одредени рурални средини од правни и физички лица).

-Висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад од правни и физички лица(корисници на услуга) е определена врз основа на одлука донесена од Совет на Град Скопје како, *Одлука за одобрување на висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на град Скопје* (бр.02-6570 од 12.102010г). и *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за одобрување на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на град Скопје* (бр.02-6441 од22.-7.2011г.)

- Утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички и правни лица –корисници на услуги е извршено врз основа на донесена *Одлука за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички и правни лица –корисници на услуги бр.02-5883 од 28.06.2011г.* и *Одлука за изменување на Одлуката за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад*

од *физички и правни лица –корисници на услуги бр.02-5883 од 28.06.2011г* ,заведена под број 02-4355 од 25.05.2013г. од страна на Управниот одбор на ЈПКХС,а одобрени од Совет на Град Скопје.

Во согласност со Законот за Јавна чистота и Програмите за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје, ЈП Комунална хигиена – Скопје како давател на услуга изготвува *Оперативен план за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје* .

2. **Одржување на јавната хигиена на подрачјето на град Скопје** подразбира метење и миење на јавните сообраќајни површини и празнење на корпите за отпадоци.

**II. Вршење дополнителна дејност подразбира:**

-подигнување на згазени и умрени животни;

-подигнување-собирање на кабаст отпад, шут и

-третман на фекални води/чистење на септички јами.

Надоместокот за горенаведените услуги, како и останати услуги со дополнителен карактер е регулиран со *Ценовник на дополнителни услуги на ЈП Комунална хигиена –Скопје* заведен под број 03-3374 од 27.05.2020 г.,одобрен од Совет на Град Скопје.

Врз основа на донесена одлука од страна на Управниот одбор на ЈПКХС утврдени се критериумите за решавање на барања на корисници на услуги(правни и физички лица)-*Одлука за утврдување на критериуми за решавање на барања на корисници на услуги на ЈП Комунална хигиена Скопје (бр.02-1365 од 12.03.2019г).,* и тоа за : **-Ослободување на плаќање од надоместок за собирање и транспортирање на смет,за време од една година**.**Целосно( 100 %)**ослободување на плаќање од надоместок за смет можат да остварат следните корисници на услугите на ЈПКХС: примател на постојана парична помош,примател на социјална помош,станбен простор(карабина и руиниран станбен простор),срушен (целосно или делумно)станбен простор,срушен (целосно или делумно)деловен простор,деловен простор кој не е во функција. **Делумно(50%)** ослободување на плаќање од надоместок за собирање и транспортирање на смет може да остварат корисници кои не живеат во станбенит простор во ГУП,кои не живеат во станбен простор во руралните средини). - **Решавање на поднесено *Барање Општо* се врши по основ на**: невршење на услуга,започнување или престанок на фактурирање,корекција и поделба на квадратура,добивање дупла сметка,,промена на адреса(објект или доставна адреса),промена на назив на корисник,односно, сопственик,сторнирање на долг и друго. Обрасците на горенаведените барање се објавени на веб страницата на Претпријатието(https://www.khigiena.com.mk) во Рубриката Обрасци/Барања. Во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер барателот се упатува на официјалната веб страница на ЈП Комунална хигиена –Скопје (https://www.khigiena.com.mk/), каде што јавно и транспарентно се објавени документите/информациите од јавен карактер(Листа на информации од јавен карактe, во рубриката - Информации од јавен карактер), коишто произлегуваат од работењето на Претпријатието(информации финансиски и оперативни/извештаи/ прописи и друго во согласност со ЗСПИЈК).

**Правна поука:** Против ова Решение барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот

**ЈП Комунална хигиена-Скопје**

**Директор**

**Гоце Трајковски**

Јавно претпријатие Комунална хигиена СКОПЈЕ SHKUP Ndërmarrja publike Higjiena komunale